# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Нашата мисија е да создадеме поволни услови за ефективна и одржлива конкуренција на пазарот на електронските комуникации за да им служи на интересите на корисниците, стопанството и индустријата за комуникации, преку ефективна, транспарентна, соодветна и проактивна примена на регулаторните алатки.

Агенцијата за електронски комуникации претставува општествена одговорна организација која се стреми кон одржлив развој, давање на придонес кон намалување на влијанието од климатските промени и за таа цел имплементираше систем за менаџмент со животна средина согласно барањата на стандардот **ISO 14001:2015**.

**Агенцијата за електронски комуникации,** во остварување на својата мисија е насочена кон спроведување и почитување на следниве принципи:

- ✓ **Исполнување на барањата** на системот за менаџмент со животна средина согласно барањата на стандардот **ISO 14001:2015**;
- ✓ **Воспоставување, следење и преиспитување** на политиката, целите и програмите за животната средина;
- ✓ **Исполнување и надминување** на барањата и очекувањата на корисниците и заинтересираните страни;
- ✓ **Почитување на важечките законски прописи од областа на животна средина;**
- ✓ **Континуирана едукација на персоналот од областа на животна средина;**
- ✓ Воспоставување на **ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни** со цел размена на информации поврзани со заштита на животна средина;
- ✓ **Идентификување, управување и контролирање на значајните ризици и аспекти** кои имаат влијание на животната средина**;**
- ✓ **Нашата цел** е внимателно да се справуваме со природните ресурси, особено во делот на употреба на средства за работа и енергија. Процесите се анализираат од аспект на нивното влијание врз **животната средина** и истите соодветно се **подобруваат;**
- ✓ Се стремиме кон користење на најновите достигнувања и технологии, намалување на количеството отпад кој го создаваме како и користење на енергија од обновливи извори на енергија;
- ✓ **Постојано подобрување** на системот за менаџмент со животна средина согласно барањата на ISO 14001:2015;

**Политиката за заштита на животната средина е достапна на јавноста и претставува обврска за сите вработени.**

Наш број 0201-46/13
Скопје 27-07-2026

Директор
Nusret HALITI

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ